СЕГА

Коалиција на младински организации

www.sega.org.mk

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2015

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
2015

Издавач
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

Автор
Моника Илиоска Кантарџиоска

Адреса
Цар Самоил 5
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

Извршен директор
Зоран Илиески

Содржина

ВОВЕД 4
МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА 6
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ 6
Проект: “Промоција на детски права и интеркултурна комуникација“ 9
Проект: “КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СТРАТЕГИИ“ 12
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО 13
Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации” 13
Проект: “Застапување за младинска акција за учество во училиштата” 14
МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ 15
Проект: “Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА” 15
Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“ 19
МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ 21
Проект: “Креирање на Ефективни Можности за Младинско Вработување“ 21
Проект: “ИНФО клубови“ 21
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ 23
Меѓународна соработка 23
Проект „Let’s make the change“ 23
Проект „Youth entrepreneurs club“ 23
Проект „Build your future be a volunteer“ 24
Проект „Cross border“ 24
Соработка со институции 25
АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА 26
ЗА СЕГА 27

ВОВЕД

Во 2015 година со поддршка на повеќе донатори (Детската Фондација Песталоци, Асоцијација на Агенции за Локална Демократија, Американска Амбасада, UNDP, Генерален Секретаријат за соработка со НВО, Еразмус + програмата) беше спроведена Годишната Програма на СЕГА за 2015 година.

Во насока на спроведување на детските права, и во 2015 година продолживме со спроведување на активности од проектот Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Во 19 основни и средни училишта продолживме со примена на моделот дете правобранител и со спроведување на нов модел на избор на Претседател на клас/одделение како и избор на ученички организации. Оваа година преку организирање на локални дискусии и национална дискусија покренавме иницијатива за измени и дополнувања на законот за средно образование со цел да се регулира учеството на учениците во процесите на донесување одлуки и креирање политики во рамките на училиштата.

Во 2015 година беше продолжена соработката со регионот на Долна Нормандија преку спроведувањето на проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија. Во рамките на овој проект се отвори втор Младински Информативен Центар во општина Кавадарци.

Во 2015 во соработка со двете општини Гази Баба и Бутел беа креирани уште 2 локални младински стратегии.

Со поддршка од Американската Амбасада и волонтерите на Мировен Корпус беше организирана третата по ред национална Конференција – Македонски Модел на Обединетите Нации.

Преку активностите од годишната програма на СЕГА, во текот на 2015 година, директно беа вклучени 9072 граѓани (претставници на младински организации, општини, основни и средни училишта, национални институции и млади). Во поглед на присутноста во јавноста на СЕГА преку медиумите беа остварени објави во меѓународни, национални или локални медиуми (во вести, гостувања во живо, интервјуа, колумни или натписи во печатени и интернет весници).

Во спроведување на активностите од Годишната програма за 2015 година беа вклучени 8 полноправни организации - членки на СЕГА:

- Волонтерски Центар Скопје,
- Интеркултура - Скопје,
- Младински Совет Охрид,
- Младински Клуб - Штип,
- ЗОНА Кавадарци,
- ИМКА Битола,
- Младински Совет Прилеп,
- Институт за развој на заедницата – Тетово.

Од придружните членки беа вклучени 4 организации:

- Центар за Едукација и Развој – Теарце,
- Локална Агенција за Развој – Струга,
- Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар,

- Младински Совет – Струмица.

И во иднина СЕГА ќе продолжи да ја остварува својата визија и да се залага за заштита на детските права и учество на децата во училиштата, подобрување на статусот на младите, подобрување на младинското информирање и младинското учество.

Коалиција на младински организации СЕГА
Извршен директор
Зоран Илиески

Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија“ се имплементираше во период од 12 месеци (01 јануари – 31 декември 2015 година), финансиран од Детската Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation). Целта на проектот е да им се овозможи на децата и младите во Македонија активно да ги практикуваат своите права и обврски пропишани со Конвенцијата за Правата на Детето.

Активностите се спроведуваа во партнерство со следните организации – членки на СЕГА: Младински Совет Прилеп, ИМКА Битола, Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар, Локална Агенција за Развој – Струга, Младински Совет Охрид, Младински клуб Штип, ЗОНА Кавадарци и Центар за едукација и развој – Теарце, Тетово.

Проектот е поделен во три компоненти:

- ***Компонента I: Активности за застапување и лобирање на законски измени за учество на децата и младите во Законите за основно и средно образование***

Во рамките на оваа компонента се работеше на подготовка на Иницијатива за измени и дополнувања на законот за средно образование со цел да се регулира учеството на учениците во процесите на донесување одлуки и креирање политики во рамките на училиштата.

Беше развиена специфична методологија за прибирање на мислењето на средношколците и училишниот персонал за важноста и потребата од регулирање на правото на младинско учество во средните училишта. Во соработка со организациите членки на СЕГА, како и со Првата Детска Амбасада Меѓаши и Младинскиот Образовен Форум беа организирани 32 локални дискусии со ученици, младински организации, локални донесувачи на одлуки (училишта, општински совети) и родители. Преку локалните дискусии беа формулирани препораки за регулирање на учеството на учениците во образовниот процес.

Во рамките на оваа иницијатива во периодот од 19 – 22 ноември 2015 година, во Струга, Коалиција СЕГА организираше Национална работилница “Иницијатива за регулирање на младинското учество во образовниот процес”, на која учествуваа претставници на младински и ученички организации, како и претставници на училишта и Бирото за развој на образованието и претставници од други релевантни институции. Преку методот на Структурен Дијалог учесниците го дадоа својот придонес во иницијативата за измени и дополнувања во законот за средно образование.

Финалната иницијатива за измени и дополнувања во законот за средно образование ќе биде доставена до Министерството за Образование и Наука на Р. Македонија и Министерството за Правда на почетокот на 2016 година.

- ***Компонента II: Дете правобранител во основните и средните училишта***

Во рамките на оваа компонента се спроведоа неколку активности:

Прибирање податоци од страна на децата правобранители



Во периодот февруари - мај и октомври - декември 2015 година децата правобранители од 19 партнер училишта организираа редовни состаноци со претседателите на класови со цел идентификување на состојбата со детските права како и проблемите и предизвиците со кои се соочуваат учениците од овие училишта. Дополнително, децата правобранители прибираа претставки за прекршени детски права кои ги процесираа до стручната служба и беа во постојана комуникација со Заменикот Народен Правобранител задолжен за детски права.

Избор на деца правобранители и нивни заменици

Изборот на децата правобранители и нивните заменици во 5 градови (Прилеп, Тетово, Дебар, Куманово и Кавадарци) се реализира во октомври 2015. Преку објавен повик за избор на деца правобранители и нивни заменици, согласно *Прирачникот за воспоставување на модел за избор на деца правобранители и нивни заменици во основните и средните училишта во Македонија* (изготвен од Коалиција СЕГА во 2011 година) се изврши селекција на децата правобранители и нивните заменици. Повикот беше подготвен од страна на Коалиција СЕГА и објавен на огласните табли во сите вклучени училишта како и на web страните на училиштата (оние училишта кои што имаат web страни). Селекцијата беше направена од страна на координаторот и раководните органи на училиштето врз основа на претходно доставените документи од учениците.

Процес на зајакнување на капацитетите на децата правобранители

Според планираните активности за овој проект се одржаа две обуки за децата правобранители од основните и средните училишта. Првата обука за децата правобранители од основните училишта се одржа во периодот од 22 - 25 октомври 2015 година, а втората обука за децата правобранители од средните училишта се одржа во периодот од 29 октомври - 01 ноември 2015 година. Обуките се одржаа во хотел Амбиент, во Струга, на кои учество зедоа ново избраните деца правобранители и нивните заменици од основните и средните училишта. Децата се стекнаа со знаења за историјатот, структурата и улогата на Конвенцијата за правата на детето и имаа можност да се запознаат со правата на децата кои се однесуваат на опстанокот и развојот, правата кои се однесуваат на заштита, учество и правата на децата во образовниот процес (училиштето). Обучувачи на обуките беа заменикот на Народниот правобранител г-ѓа Васка Бајрамоска Мустафа и г-дин Љупчо Велковски од Интеркултура - Скопје.

Промотивни активности на децата правобранители

Во текот на октомври – декември 2015 година децата правобранители преку работилници за дизајнирање на активности за промоција развија акциони планови. Промотивните активности вклучуваа инфо денови, работилници, презентации и сл.

Ревизија на прирачникот за дете правобранител

Во втората половина на 2015 година се работеше на ревидирање и проширување на Прирачникот за дете правобранител. Целта на проширувањето на овој прирачник е истиот да се промовира кај другите училишта од проектните градови со цел примена на моделот дете правобранител во училиштата надвор од проектот. Промоцијата ќе се реализира на почетокот на 2016 година од страна на децата правобранители и локалните партнери.

Вмрежување на децата правобранители на национално ниво

На 02 април и на 24 ноември 2015 година се одржаа средби за вмрежување на децата правобранители.

На средбите децата правобранители го запознаа Заменикот Народен Правобранител со ситуацијата со примена на детските права во училиштето, но исто така децата дискутираа и за нивните проблеми и за можностите за унапредување на нивната улога во училиштето.

Преку ваквите средби се продлабочува соработката и комуникацијата на децата правобранители со институцијата Народен Правобранител.

- ***Компонента III: Воспоставување и функционирање на ученичките организации***

Во текот на месец август 2015 година, локалните координатори организираа состаноци со директорите на училиштата на кои им го презентираа Прирачникот за избор на претседатели на одделенија/класови во основните и средните училишта. Во овој период беа организирани и состаноци со класните раководители од основните и средните училишта. Класните раководители за време на одделенските/класните часови на учениците им го презентираа и го фасилитираа новиот модел за избор на класна/одделенска заедница и претседател на класот, во согласност со понудениот Прирачник. На овие презентации беше дистрибуиран стрипот за ученичко организирање (подготвен од СЕГА). Преку овој процес на демократски начин се избираа новите претседатели на класови во основните и средните училишта за учебната 2015/2016 година во Битола, Охрид, Струга, Штип, Гостивар, Дебар, Куманово, Тетово, Кавадарци и Прилеп. По завршувањето на изборот на претседатели на класови во текот на месец октомври беа избрани училишни организации во училиштата вклучени во проектот согласно „Прирачникот за воспоставување и функционирање на ученички и младински организации во основните и средните училишта во Македонија“.

Во периодот октомври – ноември 2015 година се спроведуваше процес на градење на капацитетите на претседателите на класови/одделенија и членовите на училишните организации. Локалните координатори организираа работилници со членовите на ученичките / младинските организации на следниве теми: Организирање на состаноци и воведување на процедури за работа и креирање на Годишна програма, Истражување и дебата.

Во ноември 2015 година, Коалиција СЕГА објави повик за селекција на проекти на ученичките организации. Советите на ученичките организации со поддршка на локалните партнери и училишниот персонал подготвија и доставија проектни апликации. Одобрените проекти ги третираа проблемите кои беа идентификувани преку состаноците на децата правобранители и претседателите на класови и најголемиот дел од нив беа фокусирани на прашањата по однос на хигиена, дискриминација и младинско учество.
Проектите ќе се финализираат до февруари 2016 година, по што ќе биде подготвена електронска публикација со успешни приказни од спроведувањето на малите проекти.

- **Интеркултурни размени во детското село Песталоци - Троген, Швајцарија**

Во текот на 2015 година, Коалиција СЕГА организираше 5 интеркултурни размени во детското село Песталоци во Швајцарија. На секоја размена по 40 ученици имаа можност во период од 15 дневна размена да се здобијат со знаења, вештини и да се запознаат со правата на децата, меѓусебно разбирање и почитување. Учениците преку размените се запознаваат со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, толеранција и вредностите помеѓу различните култури.

Проект: "Промоција на детски права и интеркултурна комуникација"

Проектот **„Промоција на детски права и интеркултурна комуникација"** втора година по ред се спроведуваше во периодот јули – декември 2015 година во партнерство со Центар за едукација и развој – Теарце (организација членка на СЕГА) и други организации: Совет за превенција од малолетничка деликвенција (СППМД) - Кавадарци, Македонскиот Центар за Граѓанско Образование (МЦГО) - Скопје, Ромски Ресурсен Центар - Скопје, и Мајка - Куманово, а со поддршка на Детската Фондација Песталоци.

Во периодот од **16 – 20 август 2015**, во хотел Бисер - Струга се реализираше **Летен Камп** на кој учество зедоа вкупно 42 деца на возраст од 14 – 16 години од Прилеп, Скопје, Куманово, Кавадарци, Тетово, Теарце и Струмица. На кампот учествуваа 42 деца од различна националност на возраст од 14 - 16 години од Прилеп, Тетово, Теарце, Струмица, Куманово и Кавадарци. Целта на овој летен камп беше младите да се здобијат со вештини и знаења, како и да научат за принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, потоа да ја промовираат интеркултурната комуникација, различните вредности и толеранцијата помеѓу децата и младите од различи култури, како и да работат на промоција на детските права.

Преку различни креативни активности, на овој летен камп на младите им се овозможи да се стекнат со вештини и да научат за принципите на меѓукултурниот дијалог и промовирање на интеркултурната комуникација. Кампот се фокусираше на промовирање на различните

вредности и толеранцијата помеѓу децата и младите со различи култури, како и промовирање на детските права. Како резултат од овие активности децата креираа акциони планови за кампањи за промовирање на интеркултурната комуникација и детските права во своите градови и училишта.

Коалиција на младински организации СЕГА **од 5-ти до 11-ти октомври** во Прилеп, Струмица, Тетово, Теарце, Скопје, Куманово и Кавадарци реализираше различни активности по повод **„Неделата на детето“, под мотото „Сите деца со исти права! За подобро утре“.**

Во Прилеп, во текот на Неделата на Детето, Коалиција на младински организации СЕГА организираше повеќе активности креирани од децата учесници на Летниот Камп 2015. Кампањата во Прилеп започна со организирање на ИНФО Ден во ООУ „Св. Климент Охридски“, а следуваа и активности кои вклучуваа посета на христијански и исламски верски објект, посета на Домот за Стари Лица „Киро Крстески - Платник“.

Подготвено е и видео “Сите деца со исти права! За подобро утре!“, кое беше промовирано во основното училиште „Св. Климент Охридски“. Видеото е прикачено на youtube каналот (https://www.youtube.com/watch?v=a5alYOg8DOg).

По повод Неделата на детето во Кавадарци, Советот за превентива против малолетничка деликвенција (СППМД) Кавадарци, организираше и реализираше активности за одбележување на истата. Во периодот од 5 до 11 октомври 2015, СППМД заедно со децата учесници на летниот камп и креатори на овие активности првиот ден го започнаа со посета на Мал Групен Дом и преку игри и песни и работилница ги презентираа детските права и интеркултурната комуникација. Во текот на Неделата на детето следуваа активности кои вклучија посета на Специјалната паралелка при Основното училиште “Страшо Пинџур” Кавадарци, изведба на Флеш Моб во гимназијата “Добри Даскалов” - Кавадарци, изведба на драмска претстава и работилница на тема “Детски права и интеркултурна комуникација”**,** пикник во Градскиот парк во Кавадарци и на крај беше одржана и работилница за ликовни творби на тема “Детски права и интеркултурна комуникација”.

Во Тетово, Центарот за едукација и развој - ЦЕД заедно со децата и учениците од основните училишта од Тетовскиот регион, со голем број на активности ја одбележаа Неделата на детето. Почеток на овие настани и активности беше дистрибуција на флаери и читање на декларацијата за детските права пред многу деца, родители и наставници од регионот. Беше организиран и Флеш Моб, изложба на детски цртежи на кои беа прикажани детските права. Децата го посетија Центарот за деца со посебни потреби со цел да се дружат и забавуваат со децата штитеници на овој дом, а како завршна активност се организираше Спортски настан.

Во Куманово, Хуманитарно Здружение „Мајка“, во периодот од 05-11 октомври 2015 година, спроведе кампања за промоција на детските права и интеркултурната комуникација во Куманово под мотото “Сите деца со исти права! За подобро утре!”. Беа одржани работилници за детски права во ОСТУ„Наце Буѓони“, Гимназија „Гоце Делчев“ и ОСУ „Перо Наков“, а на 8 октомври се организираше и спортски натпревар во ОСТУ „Наце Буѓони“. Во состав на истата кампања и под исто мото на 9 октомври се одржа главниот настан – музички хепенинг на градскиот плоштад во кој беа опфатени голем број на млади и возрасни. Преку песна на градскиот детски хор и читање на поезија, децата испратија порака за поголемо почитување на детските права, како и од возрасните така и од заедницата. Активностите беа поддржани од Секторот за образование на Општина Куманово.

Во Струмица, Македонскиот Центар за Граѓанско Образование (МЦГО) – Скопје, за време на Неделата на детето од 5 до 11 октомври 2015, заедно со децата учесници на Летниот Камп во Струга организираше низа активности под мотото “Сите деца со исти права! За подобро утре” во кои беа вклучени голем број на деца од Струмица и околината.

Беа организирани неколку работилници за промовирање на детските права и интеркултурна комуникација - Барометар и Типичен претставник, кои опфатија ученици од повеќе основни училишта и тоа од ООУ ,,Маршал Тито” -Струмица и ООУ,,Маршал Тито” - Муртино, ООУ,,Никола Вапцаров”, ООУ,,Видое Подгорец” и ООУ,,Сандо Масев”.

Во текот на Неделата на детето во Струмица беше поделен промотивен материјал за детските права и интеркултурна комуникација а целта на оваа активност беше да се запознаат децата и возрасните со постоење на детски права и потреба од нивно почитување, како и да се подигне свеста на сите за почитување на другите култури(заедници). Исто така на 9 октомври во Дом на културата во Струмица беше направена презентација на Детските права и интеркултурна комуникација, која опфати ученици од седмо и осмо одделение од четири основни училишта од Струмица и едно од село Муртино.

Активности по повод Недела на детето беа реализирани и во општина Шуто Оризари - Скопје. Овие активности беа креирани од децата учесници на Летниот Камп во Струга, а реализирани од Ромски Ресурсен Центар-Скопје. Одбележувањето на Неделата на детето започна со Инфо Ден на Плоштад „8ми Април“ во Шуто Оризари. Следуваа врснички едукативни работилници за правата на децата и интеркултурната комуникација кои се одржуваа во ООУ „Браќа Рамиз и Хамид“ и ООУ „26 Јули“, додека на 10 октомври се одржа ревијален интеркултурен натпревар.

Проект: “КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СТРАТЕГИИ“

Од 01 февруари – 30 ноември 2015 година, Коалиција на младински организации СЕГА во соработка со своите организации членки Волонтерски Центар Скопје и Интеркултура - Скопје го спроведуваше проектот „Креирање на локални младински стратегии“.

Целта на проектот “Креирање на Локални Младински Стратегии“ е да се зголеми активното учество на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница преку изготвување на локални младински стратегии.

Главни активности кои што се спроведоа со проектот се: координативни состаноци помеѓу проектниот тим и локалните координатори, формирање на работни групи за изготвување на Локални младински стратегии, обука за креирање на локални младински стратегии, спроведување на истражување, фасилитирање на процесот на изготвување на Локална Младинска Стратегија на општините Бутел и Гази Баба, изготвување на нацрт текст на ЛМС на општините Гази Баба и Бутел, организирање на Консултативен Процес и поднесување на Локалните Младински Стратегии до Советите за нивно усвојување.

Во периодот од 24 – 26 април 2015, во Струга се одржа обука за локалната администрација од општините Гази Баба и Бутел за водење на процесот за изработка на локалните младински стратегии за двете општини. На обуката се дефинираше методологијата за изработка на локалните младински стратегии согласно со прирачникот за креирање на локални младински стратегии, публикуван од Коалиција СЕГА.

И во двете општини беа идентификувани по пет приоритети преку фокус групи. Беше спроведено анкетно истражување на репрезентативен примерок и во двете општини со цел добивање на дополнителни наоди за потребите на младите во општините во однос на дефинираните приоритети. Вкупно беа спроведени 205 анкетни прашалници во двете општини. Врз основа на анализите од наодите на истражувањето работните групи ги драфтираа локалните младински стратегии.

На 01 октомври во општина Гази Баба и на 19 ноември во општина Бутел беа организирани јавни расправи по однос на нацрт локалните младински стратегии. По финализирањето на стратегиите истите беа доставени до Советите на општина Бутел и општина Гази Баба со цел нивно усвојување.

На 27 ноември 2015 година, на седница на Советот на Општина Гази Баба беше усвоена Локалната Младинска Стратегија на општина Гази Баба како и Акциониот План за спроведување на ЛМС за 2016 година.

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Проект: “Македонски Модел на Обединетите Нации”

Во 2015 година Коалиција на младински организации СЕГА продолжи да ја спроведува програмата во своето работење – Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН). Програмата се спроведуваше во соработка со волонтерите на Мировниот Корпус во Македонија, а со финансиска поддршка од Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Р. Македонија. Моделот на Обединети Нации ги вклучува младите во проучување и дискусија за глобалните прашања, поттикнува развој на вештините корисни за животот, како што се истражување, пишување, јавно говорење, градење на консензус, решавање на конфликти, постигнување компромис и соработка.

Активностите беа спроведени во партнерство со следните организации: ЗОНА Кавадарци, Младински Совет Прилеп, ИМКА Битола, и Волонтерски Центар Скопје.

Главната активност на оваа програма беше организирањето на третата национална конференција на ММОН на 27 јуни 2015 година во просториите на ФОН Универзитетот во Скопје.

На конференцијата **учествуваа околу 160 млади** од повеќе градови во Македонија.

На официјалното отворање на Конференцијата пред делегатите се обратија Моника Илиоска Кантарџиоска – Соработник на Програма на Коалиција СЕГА, Кејтлин Кори – Директор на Мировниот Корпус во Македонија, Славко Жарков – претставник на ФОН Универзитет, и Ана Чалоска – Генерален Секретар на Конференцијата на ММОН за 2015 година.

Делегатите ја симулираа работата на осум комитети и тела на Обединетите Нации: Секретаријат, Генерално Собрание, Совет за Безбедност, Економски и Социјален Совет, Прв Комитет: Разоружување и Меѓународна Безбедност, ФАО, УНЕСКО и УНИЦЕФ.

Од секој комитет беа избрани најдобри делегати кои добија посебни признанија на затворањето на конференцијата.

Оваа Конференција е кулминација на програмата на Македонскиот Модел на Обединети Нации, и им овозможи на средношколците и студентите да го презентираат сето она што го научиле преку симулацијата на ОН.

Во рамките на проектот во периодот од 06 – 08 ноември 2015 во хотел Амбиент Струга беше организирана Обука за тим лидери.

Македонскиот Модел на Обединети Нации преставува академска симулација на работата на Обединетите Нации преку своите земји членки, во органите и телата на оваа светска организација.

Проект: "Застапување за младинска акција за учество во училиштата"

Како надополнување на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на децата во р. Македонија" Коалиција на младински организации СЕГА го спроведуваше проектот „Застапување за младинска акција за учество во училиштата" во периодот од 01 септември - 31 декември 2015 година. Проектот се спроведуваше со финансиска поддршка во рамките на програмата Еразмус + (Клучна акција 3 - Структурен дијалог помеѓу младите и донесувачите на одлуки).

Проектот имаше за цел да се подигне свеста кај донесувачите на одлуки за потребата од дефинирање на учеството на младите во рамките на националната законска регулатива. Во насока на иницирање на структурно вклучување на учениците и младинските организации преку граѓански дијалог со релевантните донесувачи на одлуки и законско регулирање на учеството на учениците во образовниот процес, во рамките на овој проект се работеше на подготовка на Иницијатива за измени и дополнувања на постоечката законска регулатива за регулирање на младинското учество во образовниот процес.

Беше развиена специфична методологија за прибирање на мислењето на средношколците и училишниот персонал за важноста и потребата од регулирање на правото на младинско учество во средните училишта. Во соработка со организациите членки на СЕГА, Првата Детска Амбасада Меѓаши и Младинскиот Образовен Форум беа организирани 32 локални дискусии со ученици, младински организации, локални донесувачи на одлуки (училишта, општински совети) и родители. Преку локалните дискусии беа формулирани препораки за регулирање на учеството на учениците во образовниот процес.

Во рамките на оваа иницијатива во периодот од 19 – 22 ноември 2015 година, во Струга, Коалиција СЕГА се организираше Национална работилница "Иницијатива за регулирање на младинско учество во образовниот процес", на која учествуваа претставници на младински и ученички организации, како и претставници на училишта и Бирото за развој на образованието и претставници од други релевантни институции. Преку методот на Структурен Дијалог учесниците го дадоа својот придонес во иницијативата за измени дополнувања во законот за средно образование.

Финалната иницијатива за измени и дополнувања во законот за средно образование ќе биде доставена до Министерството за Образование и Наука на Р. Македонија и Министерството за Правда на почетокот на 2016 година.

МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Проект: "Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"

Проектот **„Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"** (МИСЦ) продолжи да се спроведува и во 2015 година.

- **Обезбедување на информации од областите: култура, волонтерство и размена**

Во текот на јануари - декември 2015 година персоналот на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА (МИСЦ) ги ажурираше информациите за патување (локален и градски превоз), информации за здравство (дежурни аптеки) и за културните манифестации и активности во Прилеп. Секојдневно беа прибирани информации за стипендии, семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на web страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во периодот јануари – декември на веб страната на ИНФО СЕГА имаше 38 305 посети.

Најновите информации за тековни повици и конкурси редовно се испраќаат на mailing листата infosega@infosega.org.mk која е сочинета од 3000 е-маил адреси.

- **Реализирани активности на ИНФО СЕГА**

- **Промовирање на услугите на МИСЦ во средните училишта**

Согласно планот за промоција и видливост на центарот помеѓу средношколците во општина Прилеп, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и оваа година продолжи со одржување на промоции за услугите што ги нуди во средните општински училишта. Во периодот јануари – мај 2015 беа одржани 5 презентации на ИНФО СЕГА и беа директно опфатени 110 средношколци од средните училишта во Прилеп.

Информативните настани се одржуваа во училиштата, за време на планираните едукации, а на истите се презентираа информации наменети за средношколците, како што се: стипендии за матурантите, информации за тековните конкурси за стипендии за средношколците, информации за дополнителните услуги на ИНФО СЕГА.

- **Инфо ден по повод Неделата на детето**

По повод Светската недела на детето, ИНФО СЕГА организираше Инфо ден во О.У. „Климент Охридски" - Прилеп со цел информирање и запознавање на децата со нивните права.

- **Информативна средба со ученици од СОУ Орде Чопела**

На 19.11.2015 година во просториите на Младински Информативен Центар ИНФО СЕГА се одржа Информативна средба со ученици од С.О.У. Орде Чопела. 11 ученици кои учат за

техничари за агроменаџмент заедно со нивниот професор по практична настава беа запознаени со организационата структура на НВО, начинот на регистрација на НВО, целта на постоењето на граѓанските здруженија, целите, задачите и активностите на Младинскиот информативен центар ИНФО СЕГА.

На средбата беше промовирана и ЕВС програмата од страна на францускиот волонтер Клемент Алмеро од Младински Совет Прилеп, кој сподели добро искуство со учениците и ги презентираше основните услови за учество во програмата.

- **Работилница на тема „Предрасуди, стереотипи, дискриминација и толеранција"**

На 19 ноември 2015 година, по повод Интернационалниот ден на толеранцијата (16 ноември) беше одржана едукативна работилница со ученици од седмо одделение на тема „Предрасуди, стереотипи, дискриминација и толеранција". Оваа работилница имаше за цел да ги запознае учениците со термините стереотипи, предрасуди и дискриминација, да препознаат кога и како некој ги дискриминирал, за факторите кои влијаат и на крај се разговараше за толеранција. Преку метод на играње улоги учениците имаа можност да се запознаат со една приказна како пример за дискриминација.

- **Инфо Ден во Економски факултет Прилеп**

По повод светскиот ден на волонтерството 5 декември, ИНФО СЕГА во соработка со Младински Совет Прилеп, одржа Инфо Ден во Економски факултет Прилеп.

На студентите им беа поделени промотивни материјали од програмата Еразмус + (програма на Европската Унија за образование, обука, млади и спорт) и беа подетално информирани за можностите кои ги нуди оваа програма. Студентите исто така имаа можност да се запознаат и да поразговараат со ЕВС волонтери од Франција, кои волонтираат во ИНФО СЕГА.

- **Француско - Македонска Божиќна вечер**

ЕВС Волонтерите од Франција и Романија, заедно со тимот од Коалиција на младински организации СЕГА, ИНФО СЕГА и Младински Совет Прилеп на 16 декември 2015 година, организираа Француско - Македонска Божиќна вечер во кафе бар „Вирус" во Прилеп.

На овој настан 60 ученици и професори од две средни училишта С.О.У. Гимназија „Мирче Ацев", СОЕПТУ „Кузман Јосифоски – Питу" и од О.У.„Гоце Делчев" се претставија со традиционална храна, музички изведби и целосна програма која беше реализирана на француски јазик. Овие ученици беа вклучени во повеќе активности кои ги спроведуваа ЕВС волонтерите од ИНФО СЕГА и СЕГА во текот на оваа година.

- **Креативни работилници со млади за изработка на новогодишни орнаменти и украси**

На 23 декември, 2015 година Младинскиот Информативен центар ИНФО СЕГА во Прилеп одржа креативна работилница со млади за изработка на новогодишни орнаменти и украси. Овие активности се дел од Националната кампања „Право на младинско информирање – Информирај се СЕГА!“. Целта на оваа работилница беше да се посетат Младинските Информативни центри како места кои постојат и работат за младите. На работилницата присуствуваа 10 млади лица.

- **ИНФО СЕГА учествуваше на Предновогодишен панаѓур кој се одржа во ОУ„Климент Охридски“- Прилеп**

На 25 декември, 2015 година ИНФО СЕГА учествуваше на Предновогодишен панаѓур кој се одржа во О.У. „Климент Охридски“ - Прилеп. На панаѓурот се продаваа новогодишните честитки кои беа изработени од волонтерите на Младински совет Прилеп и ИНФО СЕГА на креативна работилница. Собраните средства беа донирани во хуманитарни цели.

- **Посета на Социјалниот клуб за лица со посебни потреби „Порака“**

На 29 декември 2015 година, тимот на ИНФО СЕГА го посети Социјалниот клуб за лица со посебни потреби „Порака“ од Прилеп. Целта на оваа посета беше ИНФО СЕГА да помогне во организирањето на предновогодишната забава за лицата со посебни потреби преку донирање на средства кои беа собрани од продажбата на рачно изработени честитки на предновогодишниот панаѓур во О.У. Климент Охридски.

- **<u>Реализирани ЕВС активности во 2015 година</u>**

Во овој период во просториите на ИНФО СЕГА беа присутни 6 волонтери кои беа вклучени во работата на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар - ИНФО СЕГА и Коалиција СЕГА и помагаа во работата на младинско информирање, организирање на слободното време, развивање на Младинскиот претприемнички клуб и откривање на културата и традицијата во Македонија. Волонтерите беа вклучени во проектите „Ајде на направиме разлика“ и „Младински претприемнички клуб“ одобрени од Програмата Еразмус+, Европски волонтерски сервис.

Во рамките на новата услуга која се разви во ИНФО СЕГА „Младински Претприемнички клуб“ волонтерите реализираа: дискусии со младите за проблемот со невработеноста кај младите, информации за младинско претприемништво и развивање на креативноста, работилници за крерање на CV и мотивационо писмо и континуирано емитуваа емисии на Пулс Радио.

Во рамките на услугата која се разви во ИНФО СЕГА „Информирај се сега!“ волонтерите: континуирано преку цела година поставуваа информации за ЕВС и ЕУ програми на интернет и социјалните медиуми, одржуваа средби со младите на француски и шпански јазик, одржуваа промоции на програмата ЕВС во средните училишта и на Економскиот факултет Прилеп и собираа информации за можностите на младите (стипендии, обуки, настани, програми за размена)

Во рамките на услугата која се разви во ИНФО СЕГА „ ИНФО СЕГА Репортери“ волонтерите ги имаа следните активности: запознавање со локалната култура и наследство на земјата, известување за историјата, спомениците, традицијата во Македонија, радио емисии на Пулс Радио, истражувања, средби со месното население, спроведување на интервјуа и пишување на статии на локалниот живот во општините вклучени во проектот и објавување на репортажи на веб страната.

Часови по разговор на Француски јазик

Секоја среда и петок во текот на цела година во просториите на ИНФО СЕГА, ЕВС волонтерите одржуваат часови по разговор на француски јазик. Овие часови се организирани од страна на волонтерите од Франција со цел разговарање со локалните млади на француски јазик, учење за Франција и Македонија на неформален начин.

- **<u>Координативни состаноци</u>**

Во периодот јануари – декември 2015 беа организирани 20 координативни состаноци помеѓу тимот на СЕГА и тимот на МИСЦ. На состаноците се разговараше за планираните активности и нивна имплементација. Се мониторираа постигнатите периодични резултати и се правеше евалуација на веќе спроведените активности. Помеѓу тимот и волонтерите на МИСЦ беа организирани 15 координативни состаноци. На овие состаноци се поставуваа одредени цели и активности и воедно се спроведуваше евалуација на се она што е постигнато во изминатиот период.

Проект: „Младински Информативен Центар во Кавадарци“

На 19 август 2015 година беше отворен вториот Младински Информативен Центар во Кавадарци, откако во 2010 година во Прилеп се означи почетокот на воспоставување на структурите за младинско информирање во Република Македонија. Центарот е финансиски поддржан со Програмата за децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија и Македонија, Општина Кавадарци и Коалиција на младински организации СЕГА.

На отворањето присуствуваа Директорот на Агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески, градоначалникот на општина Кавадарци, Александар Панов, француската амбасадорка во Македонија, Лоренс Оер и извршниот директор на Коалицијата на младински организации СЕГА.

Програмата на официјалното отворање на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци, беше надополнета со изведба на мини театарска претстава и музички бендови.

Во периодот од 25 - 28 октомври 2015 година СЕГА и MPTLL организираа студиска посета во регионот на Долна Нормандија - Франција. На студиската посета учествуваа по еден претставник од Коалиција СЕГА и Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци.

Македонските претставници имаа можност да го посетат повеќе младински информативни центри и точки во регионот на Долна Нормандија. Претставниците од Македонија исто така имаа можност да се сретнат со партнер организацијата MPTLL, а на средбата се дискутираше работата на двете организацации и можностите за понатамошна соработка во полето на младинско информирање и младинска работа. PIJ Valognes, CL Tourlaville, и CLT, беа дел од организациите кои беа посетени во првиот дел од студиската посета.

На средба со MPTLL и AVRIL беше презентирана регионалната мрежа за мобилност во Coutances, а остатокот од средбата беше посветен на организацијата AVRIL. Македонските учесници се стекнаа со нови искуства и знаења кои можат да се применат за подобрување на функционалноста Младинскиот Информативен Центар ИНФО СЕГА Кавадарци.

Претставник на ИНФО СЕГА Прилеп спроведе внатрешна обука на персоналот на ИНФО СЕГА Кавадарци со цел да се воспостават процедури за работа и да се развие годишен план за работа. За време на обуката беа развиени опис на работни задачи за секоја работна позиција на персоналот ИНФО СЕГА. Со цел следење на напредокот на проектот, беа развиени специфични форми за известување а беа дефинирани и специфични алатки за оценка. Персоналот на ИНФО СЕГА Прилеп и ИНФО СЕГА Кавадарци одржуваше месечни средби со цел размена на искуства и координација на активностите на двата центри.

Активности кои се спроведуваа во центарот се:

Промовирање на услугите на МИЦ Кавадарци – тимот на МИЦ организираше презентации во основните и средните училишта во Кавадарци каде беа презентирани услугите кои ги нуди овој центар. Исто така во Центарот на градот беа организирани ИНФО денови. И на презентациите и на ИНФО деновите беше дистрибуиран промотивен материјал за центарот.

Младинско информирање – секојдневно се обезбедуваа информации од областа на вработување, волонтерство, стипендии, образование, култура, домување, учество на семинари, обуки, конференции и сл. Информациите беа поставувани на web страната и на facebook групата.

Центар за документација и информирање – МИЦ Кавадарци располага со различни печатени и електронски публикации, прирачници, книги и важни документи од областа на младите. Континуирано тимот прибираше публикации од страна на младинските организации и институции во Македонија.

Промовирање на европски програми и волонтерство – тимот на ИНФО СЕГА Кавадарци обезбедуваше информации за Европски програми и проекти, како и за можностите за искористување на овие програми. Овие информации беа презентирани на ИНФО деновите и трибините кои беа организирани на локално ниво.

Поддршка на младите луѓе во општина Кавадарци - Давање на директна поддршка на младите луѓе преку спроведување на различни едукации за младите на тема: Професионална ориентација и Изготвување на CURICULUM VITAE (CV), мотивационо писмо и интервју за работа и сл.

Воспоставување на соработка со институции и организации – беше воспоставена соработка со различни институции и организации од земјата и странство во интерес на своето работење како и во интерес на младите.

Проектот ќе се спроведува и во 2016 година.

МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ

Проект: "Креирање на Ефективни Можности за Младинско Вработување"

Во периодот од 01 јануари - 31 мај 2015 година, Коалиција СЕГА го спроведуваше проектот „Креирање на Ефективни Можности за Младинско Вработување" (Creating Effective Youth Employment Possibilities) поддржан од Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност, а во состав на ЕРАЗМУС + Програмата (Клучна Акција 3, Поддршка на реформските политики – Структурен дијалог).

Целта на проектот беше да се овозможи активно вклучување на младите луѓе и младинските организации преку граѓански дијалог со релевантните засегнати страни, со што ќе се обезбеди значајно влијание на иднината на младите луѓе со фокус на мерките за младинско вработување, како и подобрување на влијанието на граѓанското општество во реформските процеси во согласност со критериумите за членство во ЕУ.

Со проектот беа организирани локални дискусии во 10 градови во Република Македонија (Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Скопје, Кавадарци, Штип, Струмица, Тетово и Дебар) со цел да се утврди мислењето на младите луѓе како и донесувачите на одлуки за подобрување на можностите за подобрувањето на вработливоста на младите луѓе.

Во периодот од 21 - 24 мај 2015 година беше организирана Национална Работилница „Креирање на Ефективни Можности за Младинско Вработување". Целта на настанот беше да се дефинираат клучни препораки за подобрување на политиките за младинско вработување преку примената на методот на Структурен Дијалог, односно заеднички консултативни средби на младите и институциите по однос на младинските политики. На работилницата учествуваа млади луѓе, претставници на национални институции и младински организации. На оваа работилница беше продуциран Документ со Препораки насочен кон националните носители на одлуки, за подобрување на можностите на младите за вработување.

Проект: "ИНФО клубови"

Проектот „ИНФО клубови" го спроведуваше Коалиција СЕГА од мај 2014 година до јуни 2015 година со финансиска поддршка од UNDP и Министерството за труд и социјална политика.
Во текот на 2014 година беа отворени 2 ИНФО клубови во Битола и Штип.

Дневното функционирање на Инфо клубовите вклучуваше собирање на актуелни информации за слободни работни места во Општина Штип и Општина Битола, нивно пренесување преку фан страните на социјалната мрежа facebook, припрема на неделниот електронски весник и остварување на средби со посетителите на Инфо клубовите.

Во 2015 година Инфо Клубот Штип и Инфо Клубот Битола ја ревидираа базата на студенти, односно ревидирање на мејлинг листите преку кои што секој четврток во седмицата се

известуваа студентите за слободни работни места во Штип и Битола и информации за стипендии, обуки, семинари и слично.

Во периодот февруари – мај 2015 година ИНФО клубовите организираа сет на обуки за средношколците и студентите со цел препознавање на нивната професионална ориентација и успешна промоција.

Беа организирани обуки насловени како „Пишување на CV е лесна работа, но пишување на добро CV не е!“. Во самиот тек на работилницата присутните покрај тоа што имаа можност да се запознаат со структурата на нивна професионална апликација, беа и креативно вклучени, подготвуваа свое CV и мотивационо писмо за одредено работно место, за потоа дел од нив бидат повикани на интервју и се запознаат со процесот на кој најчесто се спроведува едно интервју за работа.

Континуирано ИНФО клубовите организираа Инфо денови во просториите на факултетите во Битола и Штип. На овие настани асистентите во ИНФО клубовите ги запознаваа студентите со можностите што им ги нудат Инфо Клубовите како и за актуелните мерки за вработување на младите.

ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Меѓународна соработка

Проект „Let's make the change"

Во периодот од 01 март 2014 – 31 август 2015 година, СЕГА го спроведуваше проектот „Let's make the change" со поддршка на програмата Млади во Акција во рамките на Европскиот Волонтерски Сервис.

Проектот го реализираа 6 волонтери: Melodi Domet (Service technique pour les activites de jeunesse Touraine – France), Alexandra Maria Busuioc (Asociacia YMCA baia Mare-Romania), Silvia Atzori (Associazione culturale ARCI Strauss – Italy), Rosario Lopez Dominquez (asociacion OPENDOORS- Spain), Berenice Kermoal (Maison De'l Europe Le Mans Sarthe-France), Tomas Felipe Ramalhete (Pro Atlantico –associacao Juvenill-Portugal).

Партнери за проектот беа организации од Франција, Португалија, Романија и Италија, и беа вклучени 6 волонтери кои имаа шест месечна активност. Волонтерите реализираа работилници и активности поврзани со младинско информирање, клуб на млади претприемачи, истражуваа за локалните убавини за кои пишуваа и поставуваа прилози на веб страната, активно работеа во радио Пулс. Една од целите на проектот е волонтерите да ги почуствуваат културните и социјалните разлики. За време на проектот волонтерите имаа можност да развиваат свои идеи и проекти.

Проект „Youth entrepreneurs club"

Коалиција СЕГА го спроведуваше проектот "Youth entrepreneurs club" во периодот од 01 февруари 2015 - 31 јануари 2016 година во рамките на Европскиот Волонтерски Сервис и со поддршка од програмата Еразмус +.

Проектот го реализираат 3 волонтери од Франција: Ameline Berthonnaud, Sarah Cassan и Romain Hasser. Партнер организации за проектот се Maison de l'Europe Le Mans-Sarthe (Ameline& Sarah) и Eurocircle (Romain) од Франција.

Цел на проектот е да се стимулира мобилност на невработени млади лица и нивното активно граѓанско учество во земјите надвор од Европа, да се креираат алатки за намалување на невработеноста кај младите, развивање на креативноста и претприемачки вештини кај младите, мотивирање на младите претприемачи кои успеале да ги споделат своите идеи и информации со оние кои сакаат да бидат успешни и да се создаде мрежа на млади претприемачи. Исто така една од целите на проектот е приближување на европската култура и вредности но само како културна различност.

За време на проектот беа реализирани голем број на работилници и презентации за пишување на CV и мотивационо писмо, развивање на претприемачки идеи, како и промовирање на ЕВС. Исто така беа реализирани интеркултурни вечери на кои беа

презентирани храна и пијалоци, музика и обичаи како дел од француската култура. Реализирани беа радио емисии на Радио пулс, а исто така ЕВС волонтерите пишуваа вести и прилози со различна тема во рамките на целите на проектот кои беа поставувани на веб страната.

Проект „Build your future be a volunteer“

Од 10 август 2015 година Коалиција СЕГА започна да го спроведува проектот “Build your future be a volunteer”, во рамки на Европскиот Волонтерски Сервис од програмата Еразмус +.

Проектот го реализираат 2 волонтери Yoan Schumacher – од Франција и Anda Ignat од Романија. Партнер организации за проектот се Maison des Jeunes et de la Culture de Flers од Франција и Pro Vobis од Романија.

Целта на проектот е да се промовира волонтерството како значајна алатка во стекнувањето на животни вештини за успешно интегрирање во работната средина. Проектот одговара на специфичните цели на Еразмус+ програмата во полето на подобрување на нивото на клучни компетенции на младите. Исто така, проектот има за цел да им ја приближи културната разновидност и зголемување на толеранција меѓу младите од различни земји и култури.

ЕВС волонтерите во насока на реализација на целите на проектот одржаа неколку неформални средби со млади наречени “ЕВС кафе” на кои беа дискутирани придобивките од волонтирањето и промовирање на програмата Еразмус плус и придобивките од истата, а со тоа започнаа со планирање и подготовки на кампања за промовирање на волонтерството што е и задача на проектот. Заедно со млади од градот ЕВС волонтерите реализираа мал еко проект “Marko’s tower Hike” кој имаше за цел да им ја доближат европската култура и однесување кон природата. Во истата насока, промовирање на својата култура, волонтерите организираа и беа дел од интеркултурна вечер за локалните млади на која беа презентирани храна пијалоци и обичаи од нивните земји. Волонтерите секојдневно учествуваа и придонесуваа за реализирање на секојдневните активности на СЕГА и Младински информативен и советодавен центар Инфо СЕГА.

Проектот ќе се спроведува до 09 август 2016 година.

Проект „Cross border“

“Cross border” е проект на Eurocircle организација од Франција која го спроведува проектот во партнерство со Коалиција СЕГА. СЕГА е домаќин на еден ЕВС волонтер Albane De Lisle која ќе престојува во периодот од 29 декември 2015 година до 31 јули 2016 година.

Цел на проектот е да се развиваат креативноста и претприемачките вештини кај младите, креирање на мрежа на млади претприемачи кои ќе ги споделуваат своите искуства. Една од целите на проектот е приближување на европската култура и вредности.

Соработка со институции

- **Потпишани документи за соработка**

Во текот на 2015 година беа потпишани:

- 21 договори за соработка со основни и средни училишта од општина Прилеп (О.О.У. „Рампо Левката“ и С.О.У. „Ѓорче Петров“), општина Куманово (О.О.У „Христијан Карпош“ и С.О.У. „Гоце Делчев“), општина Дебар (О.О.У. „Братство и Единство“ и С.О.У „Здравко Чочковски“), општина Штип (О.О.У. „Димитар Влахов“ и С.О.У. „Коле Нехтенин“), општина Кавадарци (О.О.У. „Тошо Велков Пепето“ и С.О.У. „Гимназија Добри Даскалов“), општина Гостивар (О.О.У. Гоце Делчев“ и С.О.У. „Гостивар“), општина Струга (О.О.У. „Браќа Миладиновци“ и С.О.У. „Ибрахим Темо“), општина Охрид (О.О.У. „Братство Единство“, С.О.У. „Св. Кирил и Методиј“ и С.О.У. „Св. Климент Охридски“), општина Тетово (О.О.У. „Браќа Миѓени“ и С.О.У. „Ѓоце Стојчески“) и општина Битола (О.О.У. „Елпида Караманди“ и С.О.У. „Јосип Броз Тито“) за спроведување на активности од проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“.

- 10 договори за соработка со граѓански организации за потребите на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ со Младински Совет Прилеп, ИМКА Битола, Младински Совет Охрид, ЛДА Струга, ЦОРЗ Дебар, АДИ Гостивар, ЦЕД Теарце, ЦИД Куманово, Младински Клуб Штип, и ЗОНА Кавадарци.

- За потребите на проектот „Креирање на локални младински стратегии“ беа потпишани меморандуми за соработка со општина Гази Баба и општина Бутел

- За потребите на кампањата „Право на младинско информирање! Информирај се СЕГА!“ СЕГА потпиша Меморандум за Соработка со Агенција за млади и спорт на Р. Македонија.

- Меморандуми за деловно техничка соработка СЕГА потпиша со Бизнис Конфедерација на Р. Македонија и Националниот Совет за Претприемништво и Конкуренција

- Меморандум за соработка со Мировен корпус на Македонија и Коалиција СЕГА за вклучување на волонтер од програмата на Мировен корпус во работата и активностите на Коалиција СЕГА за период од 2 години.

- Во 2015 година беа потпишани договори за соработка со Младински Образовен Форум, Мисијата на ОБСЕ во Македонија, СОС Детско Село, и Првата Детска Амбасада Меѓаши

АДМИНИСТРАТИВНА РАМКА

Управниот одбор на Коалиција СЕГА се состана три пати: на 01 април, 01 октомври, 30 октомври. На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА и се разгледуваа новите апликации за членство во Коалиција СЕГА.

Собранието на Коалиција СЕГА се состана на 05 јули 2015 година во Младинскиот Културен Центар - Скопје. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието, беше разгледан и усвоен извештајот од Надзорниот Одбор на СЕГА, беа усвоени програмскиот и финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2014, беше усвоена Годишната Програма за работа за 2015 и беше извршено ревидирање на членството. На крајот, Собранието даде свои препораки за правецот на делување на СЕГА во иднина.

До 31 декември 2015 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно **26 младински организации (11 основни и 15 придружни организации членки)**.

ЗА СЕГА

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер - организации за аплицирање и имплементација на проектот "Младински Национален Акционен План". Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на младински организации СЕГА неформално е формирана на 20 јануари 2004 година со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На **27 септември 2004 година** Собранието на СЕГА донесе одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.
Членството на Коалицијата (во овој момент) го сочинуваат 11 полноправни и 15 придружни организации - членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 4 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и Скопје.

Визија
Младите делуваат на промените и развојот на Македонија, учествуваат во донесување на одлуки на локално и национално ниво за прашања кои директно ги засегаат. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

Мисија
Коалицијата на младински организации СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој во Република Македонија.

Вредности и принципи на работа

- Меѓусебна поддршка;
- Волонтерство;
- Промовирање на младите како ресурс;
- Младински активизам;
- Младинска партиципација;
- Транспарентност;
- Демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- Организирање и вклучување на младите;
- Развој на заедниците;
- Информираност;
- Застапување и лобирање за младинска политика.

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2015 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation)
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Американска Амбасада
- Генерален Секретаријат за соработка со НВО
- UNDP
- ERASMUS +